РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јуни, 2016 година

## СОДРЖИНА

Резиме ... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ... 3

Број на работници во индустријата ... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ... 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ... 5

Инфлација ... 6

Берзански цени ... 7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ... 8

Увоз ... 9

Салдо на трговска размена ... 10

Валутна структура ... 10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ... 11

Буџетски расходи ... 12

Буџетско салдо ... 13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ... 13

Плати ... 14

Пензии ... 15

5. Монетарен сектор

Примарни пари ... 16

Депозитен потенцијал ... 16

Кредити на банките ... 17

Каматни стапки на депозитни банки ... 17

Пазар на капитал ... 17

Девизни резерви ... 18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јуни, 2016 година

- Индустриското производство во јуни 2016 година во споредба со јуни 2015 година забележа пад од 4,4%;

- Потрошувачките цени во јуни 2016 година се намалија за 0,7% во однос на јуни 2015 година, по годишниот пад на цените од 0,7% во мај 2016 година;

- Во периодот јануари - јуни 2016 година извозот забележа раст од 3,7%, а увозот за 4,4%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 6%, споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јуни 2016 година изнесуваа 82.015 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5% во однос на истиот период 2015 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 88.962 милиона денари, што е за 1,5% повеќе во однос истиот период 2015 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 3,5% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките раст од 2,3%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство




Во јуни 2016 година индустриското производство забележа пад од 4,4% во споредба со јуни 2015 година. Анализирано по сектори, пад е забележан во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 21,1% и негативен придонес од -2,1 процентен поен, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 20,4% и негативен придонес од -1,9 процентни поени и Преработувачка индустрија од 0,3% и негативен придонес од -0,3 процентни поени.

Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во јуни 2016 година има гранката Производство на мебел (1,1 процентен поен), а најголем негативен придонес има гранката Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (1,9 процентни поени).

На кумулативна основа, индустриското производство во првото полугодие од 2016 година во однос на истиот период во 2015 година забележа раст од 5,6%. Раст е забележан во секторот Преработувачка индустрија од 9,9%, додека пад има кај секторите: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 14,1% и Рударство и вадење камен од 9,7%.




Податоците за индустриското производство по наменски групи во јуни 2016 година во однос на јуни 2015 година покажуваат зголемување на производството единствено кај групата Трајни производи за широка потрошувачка од 77,3%. Намалување на производството е забележано кај групите: Енергија од 25,9%, Капитални производи од 7,5%, Интермедијарни производи, освен енергија од 4,2% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,6%.

На кумулативна основа, во првото полугодие од 2016 година во однос на истиот период во 2015 година раст е забележан во групите: Капитални производи од 33,0%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,5%, Трајни производи за широка

потрошувачка од 2,6% и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,4%. Пад е забележан единствено кај групата Енергија од 12,7%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во јуни 2016 година забележа пад од 0,3%. Падот се должи на намалениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 0,4%, а пад со истата стапка е забележан и во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација. Раст е забележан единствено во секторот Рударство и вадење камен од 2,4%.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во првото полугодие од 2016 година во споредба со истиот период претходната година е зголемен за 1,1%. Раст е забележан во сите сектори, и тоа: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,8%, Рударство и вадење камен од 1,4% и Преработувачка индустрија од 1,0%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јуни 2016 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 8,7%, Интермедијарни производи, освен енергија од 1,4%, Трајни производи за широка потрошувачка од 1,2% и Енергија од 1,0%. Пад е забележан единствено кај групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,2%.

На кумулативна основа, во првото полугодие од 2016 година во однос на истиот период во 2015 година раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 14,1%, Интермедијарни производи, освен енергија од 3,6%, Енергија од 2,2% и Трајни производи за широка потрошувачка од 0,3%. Намалување на бројот на работници е забележан во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,9%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јуни 2016 година е поповолна во однос на мај 2016 година, а многу поповолна во однос на истиот месец претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јуни изнесува 64,6%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 64,3%. Споредено со јуни 2015 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 0,5 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јуни 2016 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 23,7%, недоволната домашна побарувачка со 16,6%, недостигот на квалификувана работна сила со 14,1%, финансиските проблеми со 9,4%, неизвесното економско окружување со 9,0% и конкурентниот увоз со 6,8%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јуни во однос на претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се дека ќе се зголеми, додека залихите на готови производи се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јуни 2016 година издадени се 274 одобренија за градење, што претставува раст од 47,3% во однос на јуни 2015 година. Споредено со претходниот месец, кога биле издадени 292 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење бележи намалување од 6,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јуни 2016 година е зголемена за 52,9% на годишна основа. Во однос на мај 2016 година, вредноста на објектите се намалила за 11,4%.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 174 (или 63,5%) се наменети за објекти од високоградба, 30 (или 10,9%) за објекти од нискоградба и 70 (или 25,6%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 274 издадени одобренија за градба, на 169 (или 61,7%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 105 објекти (или 38,3%) инвеститори се деловни субјекти.




Во јуни 2016 година предвидена е изградба на 857 стана, со вкупна корисна површина од 63.032 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба, споредено со претходниот месец е зголемен за 14,3%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во јуни 2016 година се намалија за 0,7% во однос на јуни 2015 година, по годишниот пад на цените од 0,7% во мај 2016 година. Просечната стапка на инфлација во првите шест месеци од 2016 година изнесува -0,4%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, што има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во јуни забележа годишен пад на цените од 2,3%, главно како резултат на намалените цени во поткатегориите Зеленчук од 10,9% и Овошје од 5,7%.




Годишен пад на цените во јуни е регистриран и во категориите: Транспорт од 3,9%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,6% и Останати стоки и услуги од 0,3% .

Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 8,4%, следена со порастот на цените во категориите: Рекреација и култура од 2,3%, Комуникации од 1,8%, Облека и обувки од 1,6%, Здравје од 0,7%, Образование од 0,4% и Ресторани и хотели и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од по 0,3%.




Потрошувачките цени во јуни 2016 година останаа непроменети во однос на претходниот месец. Зголемување на цените е забележано во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,1%, Транспорт од 1,1%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Облека и обувки од по 0,2% и Ресторани и хотели и Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 0,1%.

Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци 0,7% и Рекреација и култура и Здравје од по 0,4%.

Цените во категориите Образование, Комуникации и Останати стоки и услуги останаа непроменети.

Цените на мало во јуни 2016 година во однос на истиот месец претходната година се намалени за 0,7%, додека споредено со претходниот месец цените на мало останаа непроменети. Цените на мало во првите шест месеци од 2016 година се пониски за 0,6%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јуни 2016 година споредено со мај 2016 година се зголеми за 2,9% и изнесуваше 48,5 долари за барел. Во однос на истиот месец од претходната година, цената на нафтата се намали за 22,2%. Цената на природниот гас во јуни споредено со претходниот месец се зголеми за 17,6%.




Што се однесува до металните производи, никелот, како производ со високо учество во македонскиот извоз, во јуни 2016 година се тргуваше со просечна цена од 8.928 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува зголемување на цената од 2,8% на месечна основа. Во споредба со јуни 2015 година, цената на никелот бележи пад од 30,6%. Освен кај цената на бакарот, што се намали за 1,3%, месечно зголемување на цената се забележува и кај останатите основни метали. Така, цената на цинкот се зголеми за 8,2%, на алуминиумот за 2,6%, на калајот за 1,5% и на оловото за 0,1%. Цената на железната руда во јуни, во однос на претходниот месец, се намали за 5,5%.



Во однос на благородните метали, цената на платината во јуни забележа месечен пад од 5,0%, цената на среброто се зголеми за 2,0 и цената на златото порасна за 1,2%.

Цената на пченката на светските берзи во јуни, споредено со претходниот месец, се зголеми за 6,5%, а на пченицата за 1,2%. Цената на јагнешкото месо во јуни остана непроменета на месечна основа.

# *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*




Вкупната надворешно - трговска размена во првите шест месеци од 2016 година изнесува 4.950 милиони евра, што претставува раст од 4,1% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари јуни 2016 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,9%, што претставува зголемување од 2,1 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - јуни 2016 година изнесува 2.038 милиони евра и бележи раст од 3,7% (72,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2015 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 6,3%.

Вредноста на извезените стоки во јуни 2016 година изнесува 330,8 милиони евра и бележи пад од 13,2% (50,1 милион евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намалил за 13,2%.




Анализирано на месечно ниво, во јуни 2016 година извозот бележи пад од 6,9% (24,5 милиони евра) во однос на претходниот месец а, доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 6,9%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - јуни 2016 година се: хемиски материи и

производи, облека, железо и челик, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 48,6% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – јуни 2016 година споредено со истиот период во 2015 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Западен Балкан и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 9,1% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 6,6%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и во земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 81,1% и 11,9% соодветно.




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – јуни 2016 година изнесува 2.912 милиона евра и бележи раст од 4,4% (122,3 милиониво од 2015 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 3,3%.

Вредноста на увозот во јуни 2016 година изнесува 495 милиони евра, што претставува намалување за 3,7% (19 милиони евра) во однос на истиот месец во 2015 година, а увезените количини стоки се намалени за 15,7%.

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2016 година увозот бележи пад од 6,8% (36,1 милион евра) во однос на претходниот месец, доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 0,6%.




Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2015 | I - VI - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 25,6 | 34,7 | 9,0 | 35,2 |
| Мил. ЕУР | 14,7 | 13,3 | -1,4 | -9,7 |
| Мил.$ | 16,4 | 14,9 | -1,5 | -9,3 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2015 | I - VI - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 429,7 | 493,0 | 63,3 | 14,7 |
| Мил. ЕУР | 202,6 | 161,0 | -41,6 | -20,5 |
| Мил.$ | 225,5 | 179,9 | -45,6 | -20,2 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2015 | I - VI - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 8,8 | 7,4 | -1,4 | -16,0 |
| Мил. ЕУР | 382,1 | 433,9 | 51,8 | 13,6 |
| Мил.$ | 424,9 | 484,9 | 60,0 | 14,1 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2015 | I - VI - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 15,3 | 14,0 | -1,3 | -8,4 |
| Мил. ЕУР | 59,4 | 84,9 | 25,5 | 42,9 |
| Мил.$ | 66,0 | 94,8 | 28,9 | 43,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2015 | I - VI - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 302,7 | 290,2 | -12,5 | -4,1 |
| Мил. ЕУР | 286,2 | 182,7 | -103,5 | -36,2 |
| Мил.$ | 317,5 | 204,1 | -113,4 | -35,7 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2015 | I - VI - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 301,5 | 392,2 | 90,7 | 30,1 |
| Мил. ЕУР | 144,3 | 151,5 | 7,2 | 5,0 |
| Мил.$ | 160,2 | 169,1 | 9,0 | 5,6 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Трговскиот дефицит во првите во периодот јануари - јуни 2016 година, се зголеми за 6% односно 49,4 милиони евра споредено со истиот период минатата година.




Во јуни 2016 година трговскиот дефицит се зголеми за 23,4% односно 31,1 милион евра споредено со јуни минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка, додека во спротивна насока дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, транспортна опрема и храна и пијалаци.

Во периодот јануари – јуни 2016 година 83,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Грција и Србија, а потоа следуваат: Турција, Италија, САД, Романија, Австрија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 87% од трговската размена во периодот јануари - јуни 2016 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период во 2015 година претставува зголемување од 5,4 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,7% и 83%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 5,7 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 5,3 п.п. во однос на периодот јануари – јуни 2015 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - VI - 2015 | | | | | I - VI - 2016 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.610,6 | 2.170.005.504 | 61,5902 | 133.651.072.992 | 77,8 | 2.065,2 | 2.418.179.534 | 61,6830 | 149.160.568.172 | 83,0 | 248.174.030 | 11,4 |
| УСД | 1.231,0 | 648.316.950 | 55,1572 | 35.759.347.671 | 20,8 | 680,0 | 516.857.312 | 55,3178 | 28.591.409.428 | 15,9 | -131.459.638 | -20,3 |
| ГБП | 3,2 | 9.868.574 | 84,0780 | 829.729.956 | 0,5 | 2,7 | 9.007.538 | 79,3511 | 714.758.038 | 0,4 | -861.036 | -8,7 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.844,8 | | | 170.240.150.619 | 98,6 | 2.747,9 | | | 178.466.735.638 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 2.850,0 | | | 171.839.382.047 | 100,0 | 2.755,8 | | | 179.633.042.771 | 100,0 | | 4,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јуни 2016 година изнесуваа 82.015 милиони денари, односно 13,8% од БДП, што претставува поголемо остварување за 5,0% во однос на истиот шестмесечен период од 2015 година.

Даночните приходи во периодот јануари - јуни се реализирани во износ од 48.399 милиони денари, односно 8,2% од БДП и во однос на истиот период во 2015 година се зголемени за 7,4%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 23.519 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој полугодишен период е доминантно и изнесува 48,6%. Акцизите се остварени во износ од 10.014 милиони денари (учество од 20,7% во даночните приходи што е за 0,2 п.п. повеќе од периодот јануари- мај 2016 година). Така, од овие два индиректни данока се остварени приходи во износ од 33.533 милиони денари, односно 69,3% од вкупните даночни приходи (5,7% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 31.534 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 8.015 милиони денари. Во овој период се евидентирани плаќања по основ на задржан ДДВ при промет на добра во постапка на присилна наплата во износ од 40,3 милиони денари (новата уплатна сметка на која се евидентираат плаќањата по основ на ДДВ при промет со добра во постапка на присилна наплата е отворена во 2015 година).




Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 6,9% додека, ДДВ од прометот во земјата забележува зголемување од 10,7%, учеството на ДДВ донациите е незначително, односно 0,03%, при што данокот на донации забележува помало остварување за 91,0%.

Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 6.532 милиони денари и забележуваат раст од 7,7% на годишна основа, при што речиси 2/3, односно 66,5% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 6,1% од приходи по основ на договор на дело, 6,8% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 7,7% од приходи од капитал, 3,7% од приходи од имот и имотни права и 2,1%од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот на добивка во овој шестмесечен период за 2016 година изнесуваа 5.739 милиони денари и забележаа намалување од 25,0% во однос на истиот период претходната година, што е главно резултат на намалувањето на доплатите по даночни биланси (намалување од 44,5%), на дивидендата и на други распределби од добивката (намалување од 72,3%), како и задржаниот данок на исплатени приходи на странски правни лица (намалување од 31,8%), додека зголемување се забележува кај данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 30,4%), на годишниот данок на вкупен приход (зголемување од 45,8%) и кај каматата (зголемување од 61,9%).

Приходите од ДДВ забележаа зголемување од 19,2%, додека приходите од акцизи забележаа зголемено остварување од 8,2%. Приходите од царина беа остварени во износ од 2.304 милиони денари и забележаа зголемување од 13,9%. Приходите од други даноци со остварен износ од 291 милион денари забележаа помало остварување за 9,3% во однос на минатата година.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 5.984 милиони денари и во однос на истиот полугодишен период во 2015 година забележаа поголемо остварување за 1,2% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 889 милиони денари, што претставува помало остварување за 45,7% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.740 милиони денари, односно се зголемија за 6,7% во однос на истиот период лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 24.042 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,3% споредено со истиот период во 2015 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување и кај придонесите за здравствено осигурување е повисока за 5,3%, додека кај придонесите за вработување за 5,4%.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - јуни 2016 година изнесуваа 88.962 милиона денари, односно 15,0% од БДП, што е за 1,5% повеќе во однос на истиот период во 2015 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 82.821 милион денари учествуваа со 93,1% (учество од 14,0% во БДП) и се зголемени за 3,5% во однос на истиот период во 2015 година.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 60.070 милиони денари (10,1% од БДП). Средствата за трансфери забележаа зголемување од 5,9%, споредено со истиот период во 2015 година, и истите учествуваа со 67,5% во вкупните расходи.

Средствата за плати и надоместоци беа реализирани во износ од 12.860 милиони денари, нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,5% и во однос на 2015 година се зголемени за 6,1%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 7.537 милиони денари и споредено со истиот период во 2015 година забележаа намалување од 13,1%.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 44.331 милиони денари, забележаа раст од 9,0% и учествуваа со 49,8% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 27.332 милиона денари, се зголемија за 10,6%, споредено со истиот шестмесечен период од 2015 година, и учествуваат со 30,7% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,0%, односно забележаа намалување од 1,3%, споредено со истиот период во 2015 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 7.511 милиони денари забележаа зголемување од 2,3%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите со учество од 7,5% во вкупните расходи беа остварени за 7,0% помалку .

Каматните расходи изнесуваат 2.354 милиони денари, што е намалување од 6,8% во споредба со истиот период во 2015 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа намалени за 13,5%, додека каматите од странско задолжување беа зголемени за 2,0% во споредба со истиот период во 2015 година.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 6.141 милиони денари со структурно учество од 6,9% во вкупните расходи (1,0% учество во БДП), односно забележаа помала реализација за 19,3% во споредба со истиот период лани.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – јуни 2016 година во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 6.947 милиони денари, што претставува 1,2% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 5.891 милиони денари и претставува 1,0% од БДП.

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари - јуни 2016 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 92.362 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е помал за 0,3% во однос на истиот период во 2015 година.

Од вкупниот број нововработени, 46,7% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во јуни 2016 година 25,0% се од евиденцијата на невработени.




Вкупниот број невработени лица изнесува 201.931, од кои 106.029 се активни баратели на работа, а 95.902 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 7,9%.

Најголем дел од невработените лица (67,8%) се градско население, а според половата структура 59,3% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 55,6% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29,6% се со завршено средно образование, додека 14,8% имаат вишо или повисоко ниво на образование.




По возрасни групи, најголемиот дел или 54,5% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 54,9% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,2% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во мај 2016 година оствари годишен раст од 1,1%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,1%. Најголем раст на просечната нето–плата се забележува во следните сектори: Градежништво (8,7%), Административни и помошни услужни дејности (7,6%) и Земјоделство, шумарство и рибарство (5,7%). Реалните плати во мај забележаа годишен раст од 1,9%.




Просечната номинална бруто-плата во мај 2016 година оствари годишен раст од 1,2%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Градежништво (9,2%), Административни и помошни услужни дејности (7,3%), и Земјоделство, шумарство и рибарство (5,6%). Реалната бруто плата забележа годишен раст од 1,9%.




Процентот на вработени што не примиле плата во мај 2016 година изнесува 1,5% и во однос на истиот месец претходната година е понизок за 0,1 п.п., а за 0,2 п.п. повисок во однос на април 2016 година.

## Пензии

Во јуни 2016 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 301.882 пензионери, што претставува зголемување од 1,6% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 1.737 лица. Од вкупниот број пензионери, 61,3% се корисници на старосна пензија, 25,3% на семејна пензија и 13,4% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во јуни 2016 година изнесува 13.112 денари и е за 5,2% зголемена во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на

просечната пензија со просечната исплатена плата во мај 2016 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,7%.

Просечната старосна пензија во јуни изнесува 14.476 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 11.839 денари, а просечната семејна пензија 10.452 денари. За исплата на пензиите во јуни 2016 година се потрошени 3.842,50 милиони денари, што претставува 52,5% од вкупните социјални трансфери.




## МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во јуни 2016 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на ниво од 4,0%, откако во мај 2016 година истата ја зголеми за 0,75 п.п. што се должи на зголемената побарувачка на девизи и притисоците врз депозитната база на банките, како последица на влошените очекувања на економските субјекти, предизвикани од нестабилната политичка состојба во земјата. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

### Примарни пари

Во јуни 2016 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 9,5% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 8,6% и 10,4%, соодветно.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 2,2%, при пад на готовите пари во оптек од 0,8% и зголемување на вкупните ликвидни средства на банките од 5,2%.




[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

## Депозитен потенцијал

Во јуни 2016 година, вкупните депозити на банките регистрираа пад од 0,3% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија регистрираа пад од 2,4%, а депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,2%.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор ( јуни 2016 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **296027** | **-0,3%** | **2,3%** |
| Денари | *171596* | -0,02% | 0,7% |
| Странска валута | *124431* | -0,6% | 4,5% |
| Краткорочни | *145439* | -0,3% | -0,01% |
| Долгорочни | *81174* | 0,3% | 2,7% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **274453** | **-1,9%** | **3,5%** |
| Денари | *222108* | *-1,4%* | 6,1% |
| Странска валута | *52345* | -3,8% | -6,5% |
| Краткорочни | *61522* | 0,1% | -0,2% |
| Долгорочни | *190846* | 1,9% | 11,5% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *20506* | -27% | -31,1% |

Извор: НБРМ




Од аспект на валутата, во јуни 2016 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута останаа речеси непроменети (намалување за 0,02%), додека депозитите во странска валута се намалија за 0,6%.

Вкупниот депозитен потенцијал во јуни 2016 година оствари раст од 2,3% на годишна основа. Анализирано според валутата депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута забележаа раст од 0,7% и 4,5%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 0,2% на годишно ниво, а депозитите на претпријатијата се зголемија за 3,9%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити останаа речиси непроменети (намалување од 0,01%), а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 2,7%. Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна,

при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база што изнесува 58%.

## Кредити на банките

Во јуни 2016 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 1,9% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во јуни кредитите кон претпријатијата се намалија за 2%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа пад од 1,7%. Од аспект на валутата, во јуни 2016 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити регистрираа пад од 1,4% и 3,8%, соодветно.

На годишна основа, во јуни 2016 година вкупните кредити се зголемија за 3,5%, во услови на пад на кредитите кон претпријатијата од 0,6% и раст на кредитите кон домаќинствата од 8,8%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 6,1%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 6,5%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 11,5%, а краткорочните кредити се намалија за 0,2%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јуни 2016 година, каматните стапки не регистрираа забележителна промена на месечно ниво. Вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,4% и е непроменета во споредба со претходниот месец. Каматните стапки на денарските и девизните кредити се исто така непроменети на месечно ниво и изнесуваат 6,6% и 5,5%, соодветно.

Вкупната каматна стапка на депозитите во јуни изнесува 1,8% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити е непроменета и изнесува 2,5%, додека каматната стапка на девизните депозити е намалена за 0,1 п.п. и изнесува 1,0%.




## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јуни 2016 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 17,5% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од класичното тргување за 90%, додека прометот од блок трансакции се намали за 64,8%.



Вкупниот промет на берзата во јуни 2016 година изнесуваше 335 милиони денари што претставува намалување за 23,5% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во јуни 2016 година изнесуваше 1.706,97 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 0,2%, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 4%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јуни 2016 година изнесуваа 2.158,8 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалени за 5,6 милиони евра, додека во однос на јуни 2015 година за 96,1 милион евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk